# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

## од Сто и четвртата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 29 февруари 2008 година

Седницата се одржа во Собранието на Република Македонија, сала број 1, со почеток во 11,57 часот.

Седницата ја отвори и со неа претседаваше Љубиша Георгиевски, претседателна Собранието на Република Македонија.

**Љубиша Георгиевски:** Ги молам пратениците да влезат во салата за да можеме да почнеме со работа со седницата.

Ги молам службите да достават точен број на присутни пратеници во салата.

Ќе започнеме за 10 минути поради технички причини.

Ги повикувам пратениците уште еднаш кои се во Собранието, а не влегле во салата, да повелат да влезат во салата.

Ги молам службите да достават точен број на присутни пратеници во салата.

Во Собранието се наоѓаат повеќе од 90 пратеници.

Ве молам, да влезат во салата.

Ги молам пратениците да влезат во салата.

Ги молам службите да достават точен број на присутни пратеници во салата.

Дами и господа пратеници, ја отворам 104-та седница на Собраниеот на Република Македонија.

Дами и господа пратеници, отворајки ја 104-тата седница на Собранието на Република Македонија, и извинувајки се за определеното задоцнување заради технички причини кое го исползувавме и заради неколку нови предлози на дневниот ред да ги вметнеме во сценариото.

Пратениците Гоце Марковски, Данаел Дончев, Љубчо Георгиевски, Мери Младеновска Ѓорѓиевска, Лазар Китановски, Владо Бучковски, Мендух Тачи, Арбен Џафери, Лилјана Поповска и Фијат Цаноски ме известија дека се спречени да присутвуваат на седницата.

Ве молам да притиснеме едно од копчињата на системот за гласање за да го утврдиме бројот на присутните пратеници во салата.

Констатирам дека на седницата присуствуваат 73 пратеници.

Според тоа, констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

На седницата се поканети Претседателот на Република Македонија, претседателот и членовите на Владата на Република Македонија, извршниот директор на Јавното претпријатие Македонска радио телевизија, претседателот на Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија, претседателот на Советот за радиодифузија, претседателот на Комисијата за заштита на правото за слободен пристап до информациите од јавен карактер и претседателот на Комисијата за хартииод вредност.

Записниците од 89-та, 92-та, 99-та и 101-та седница на Собранието ви се доставени.

Дали некој има забелешки на записниците. (Нема)

Констатирам дека записниците од 89-та, 92-та, 99-та и 101-та седница на Собранието се усвоени без забелешки.

Пратениците Оливер Шамбевски, Ружди Матоши, Благој Зашов, Илинка Митрева, Андреј Жерновски, Азис Положани, Трајко Вељановски, Владимр Ѓорчев,Јани Макрадули, Роза Топузова Каревска, Стојан Андов, Ристана Лалчевска, Силвана Бонева, Бесим Догани, Љубисав Иванов Ѕинго,Илија Китановски, Александар Николовски, Лилјана Поповска, Александар Спасеновски, Садула Дураку, Сафет Незири,Илија Димовски, Васко Шутаров, Ружа Ѓорѓевска, Јован Гинев, Насер Ајдини, Фљора Кадриу, Анета Стефановска, Јаготка Ивановска, Панче Дамевски, Мирјана Секуловска, Веле Митановски , Дарко Димитриевски и Катерина Димевска предлагаат дневниот ред на оваа седница да се дополни со Предлог на одлука за основање на Анкетна комисија за утврдување на околностите на загинувањето на претседателот на Република Македонија Борис Трајковски.

Молам еден од предлагачите да ја образложи итната и неодложна потреба овој Прдлог на одлука да се разгледа на оваа седница.

Има збор господинот Оливер Шамбевски, повелете.

**Оливер Шамбевски:** Благодарам господине претседателе.

Пред само неколку дена почитувани колеги пратеници ја одбележавме четири годишнината од трагичната смрт на Претседателот на Република Македонија господинот Борис Трајковски и членовите на неговата придружба, како и членовите на екипажот во трагичната несреќа на владиниот авион кај Мостар во Босна и Херцеговина. За жал,како што сите сме сведоци веднаш по несреќата се јавија многу шпекулации, самиот почеток, но и целиот тек на истрагата исто така беше обвиткан со вел на шпекулации што во македоснската јавност подобро кажано кај сите граѓани на Република Македонија еден сомнеж за резултатите на истрагата. Ваквата недоверба кај нашата јавност предизвика и неколку меѓународни организации како што е Советот на Европа. Но,според моите последни сознанија и неколку конгресмени од актуелниот состав на Конгресот на САД покажамандманот заинтересирансот за расветлување на овој случај. Имајки предвид дека поминаа 4 години, а дека Собранието на Република Македонија за едно волку битно прашање, за една волку голема авионска несреќа која што буквално ја потресе македонската јавност, не формира анкетна комисија , што верувам сите ќе се согласиме дека е по малку чудно.

Од тие причини сметаме дека колку е можно побрзо треба Собранието да формира анкетна комисија која што овој случај ќе го истражи, ќе ги расветли во рамките на нејзините можности и надлежности, овој случај еднаш засекогаш ќе биде ставен ад акта. Од тие причини претседателе, почитувани колеги пратеници предлагаме оваа иницијатива за формирање на вакво тело да биде по итна постапка да биде ставена на оваа седница.

**Љубиша Георгиевски:** Предлогот на пратениците, Предлогот на одлуката да се разгледа на оваа седница, го ставамна гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 74 пратеници, за гласале 72, воздржано 1, против 1.

Констатирам дека предлогот на пратениците е усвоен.

Комисијата за прашања на изборите и именвуањата предлага дневниот ред на оваа седница да се дополни со Предлог на одлука за именување на претседател и членови на Агенцијата за пошти.

Предлогот на одлуката ви е поделен.

Го молам претседателот на Комисијата да ја образложи итната и неодложна потреба овој Предлог на одлука да се разгледа на оваа седница.

Има збор претседателот на Комсиијата, господинот Трајко Вељановски.

**Трајко Вељановски:** Благодарма претседателе, како што е познато Собраниеот на Република Македонија донесе Закон за поштенски услуги. Притоа во кој Закон е одредено дека треба да се формира комисија на Агенција за пошти. Во преодните и завршни одредби од Законот е даден рок во кој што Собранието на Република Македонија треба да ја формира комисијата на Агенцијата за пошти за да може да ги преземе надлежностите кои што се дадени согласно Законот за пошти. Со оглед на тоа Комисијата за прашања на избори и именувања на вчерашната седница достави Предлог одлука за именвуање на претседател и членови на Комисијата на Агенцијата за пошти. Од овие причини сметаме дека треба на денешната седница да биде ставен на дневен ред за да може да се оформи оваа комисија која што би ги преземала надлежностите, како што кажав согласно Законот за пошти.

**Љубиша Георгиевски:** Предлогот на Комисијата, Предлогот на одлуката да се разгледа на оваа седница го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 58 пратеници, за гласале 55, воздржано 1, против 2.

Констатирам дека прелдогот на Комисијата е усвоен.

Пратеникот Азис Положани предлага дневниот ред на оваа седница да се дополни со Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за здравственото осигурување, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот, со Предлог на закон, ви е поделен.

Го молам пратеникот Азис Положани да ја образложи итната и неодложна потреба Предлогот за донесување на законот, со Предлог на закон да се разгледа на оваа седница.

Има збор пратеникот Азис Положани.

**Азис Положани:** Благодарма господине претседателе.

Во неможност за три минути да ја образложам целата состојба во однос на ефектот на здравствените реформи кои што веќе долго време сме сведоци дека се сака да се постигне нешто и поаѓајки од фактот дека некои негативни ефекти од таа реформа веќе се очигледни и дека медицинските центри и клиниките, т.е. здравствените установи секој ден се соочуваат со големи потешкотии кои што не можат да ги надминат со постојните средства и така доаѓа на некој начин во опасност и квалитетот на здравствените услуги и здравствената заштита. Од таа гледна точка во неможност да се решат сите проблеми и да се дискутира од сите аспекти оваа проблематика која што е доста широка и заслужува можеби и посебна седница.Има еден елемент кој што директно може да влијае во ублажувањето на некои потреби на здржавствените установи во моментот, а тоа е да се измени членот 36 од Законот за здравствено осигурување со кој што здравствените установи се задолжени партиципацијата која пациентите ја плаќаат по разни основи за услугите да ја дадат на Фондот и тоа да биде приход на Фондот.

Време е да се укине или да се измени овој член во смисла на тоа партиципацијата која ја реализираат здравствените установи да остане на самата здравствена установа како приход и со тоа сигурно дека би можело да надмине некои или барем да ублажи некои од проблемите со кои тие секојдневно се соочуваат. Сите вие сте сведоци дека пред 2-3 дена имаше една информација дека Министерството за финансии дало согласност за 300 вработувања во Клиничкиот центар, но не дало средства. Тоа беше и поттик под итна постапка да барам овој закон да биде на дневен ред, иако беше предложено да оди по скратена постапка, затоа што ценам дека овие вработувања апсолутно немаат шанса да се реализираат, ако не се даде на установите минимум да го задржат тој дел на партиципација што на нив им следува. Од таа гледна точка, ценам дека пратениците ова ќе го оценат како многу битно и многу важно за самите установи, а од друга страна, мислам дека свеста за едно такво решение е созреана и сите установи, дури надлежните одговорни лица во администрацијата и во Владата имаат разбирање, очекувам ова да биде прифатено и навистина на овој начин директно и итно да им излеземе во помош на здравствените установи. Ако треба дополнителни објаснувања да се дадат, доколку се прифати

точката да влезе на дневен ред, со големо задоволство тоа ќе го направам. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Предлогот на пратеникот Азис Положани Предлогот за донесување на законот ...

Господин Рамадани побара процедурална интервенција, но гласањето е без претрес, според Деловникот. Ако вашата процедурална интервенција се однесува на тоа, прво ќе гласаме, па ќе добиете збор.

Предлогот на пратеникот Азис Положани Предлогот за донесување на законот со Предлогот на закон да се разгледа на оваа седница го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 74 пратеници, за гласале 31, воздржано 1, против гласале 42 пратеника.

Констатирам дека предлогот на пратеникот Азис Положани не е усвоен.

Пратениците Борис Кондарко, Оливер Спасовски и Цветанка Иванова предлагаат дневниот ред на оваа седница да се дополни со Информација за случувањата во Судскиот совет на Република Македонија во врска со донесената одлука за продолжување на функцијата претседател на Судскиот совет спротивно на Законот за Судскиот совет и Законот за судови и состојбата околу спроведениот избор на судии во судовите на Република Македонија.

Предлогот ви е поделен.

Молам еден од предлагачите да ја образложи итната и неодложна потреба оваа информација да се разгледа на оваа седница.

Има збор госпоѓа Цветанка Иванова, повелете.

**Цветанка Иванова:** Благодарам почитуван претседателе.

Ако се сеќавате, на претходната седница на Собранието имавме исто вакво барање и зошто не се одлучивме да одиме во редовна процедура да ја ставиме оваа точка, иако знаеме дека после одбивањето на итноста требаше да ја пуштиме во редовна процедура - затоа што сметаме дека доколку ја пуштевме, согласно Деловникот, оваа иницијатива во редовна процедура, ќе ја носеше или ќе ја најдеше судбината на многу наши иницијативи и предлози, како што се: Информацијата за откупот на тутун од 2006 година, замислете, а сеуште не е стигната, како Законот за продолжување на важење на стариот закон за пензионирање, како законот за енергетска сиромаштија и како низа наши проекти што досега ги поднесуваме, бидејќи ќе се најдеа како последни точки на дневен ред и никогаш немаше да дојде за дебата.

Ова е многу важно и суптилно прашање и затоа ќе инсистираме постојано да го ставаме вака како итна точка. Зошто господине претседател? Затоа што Судскиот совет го формиравме да биде независно тело кое ќе ја следи работата, односно ќе биде највисок орган во судството. Судскиот совет ја следи работата и законитоста на правораздавањето на судиите, оние кои треба да ги почитуваат законите, значи да правораздаваат согласно законите. Ни се случува органот кој што е задолжен да ги почитува законите и да води контрола, да врши надзор над оние кои што правораздаваат и треба да го почитуваат законот во правораздавањето, ни се случија две скандалозни работи. Повторно ќе ги објаснам како и претходниот пат.

Првата скандалозна работа е одлуката за продолжување на функцијата претседател на Судски совет надвор од сите закони, надвор од сите основи за продолжување или за пензионирање. Тоа значи дека претседателот на Судскиот совет, спротивно на Законот за судови, спротивно на Законот за работни односи - не важи Законот за работни односи таму - спротивно на Законот за пензиско и инвалидско осигурување, значи спротивно на овој сет на закони кои ја регулираат оваа област, ја продолжи, замислете, функцијата претседател на Судскиот совет. Дали ќе има претседателот на Судскиот совет кредибилитет да ја контролира работата на судиите и нивното законито постапување во правораздавањето ако тој го крши законот. На ова не реагираме само ние, за ова реагира и Врховниот суд.

Втората скандалозна работа е последниот избор на судии. Како протекува повеќе време од изборот на судии, така повеќе се јавуваат реакции и во јавноста, затоа што се повеќе луѓето знаат кои се луѓето кои се избрани за судии. Практично зошто се реагира?

**Љубиша Георгиевски:** Госпоѓо Иванова, ќе ве молам да привршувате.

**Цветанка Иванова:** Да, благодарам претседателе.

(Реакција на пратеникот Јани Макрадули со зборовите: “Оливер зошто не го прекинавте? Кога не броите еднаш, тоа важи за сите”)

**Љубиша Георгиевски:** Оливер беше многу краток.

Повелете, јас само ве замолив, јас не ве прекинувам.

**Цветанка Иванова:** Благодарам претседателе. Јас очекувам да ме ислушате вие, затоа што сте вие прв на законодавната власт. Оваа информација се однесува на првиот во извршната власт, значи тоа се двете власти и мора да водите сметка на некој начин заради тој чекен баланс ние водиме контрола на судството, сепак. Сакам да кажам дека колку повеќе истекува времето, се повеќе луѓето реагираат дека последниот избор на судии е скандалозен, последниот избор на судии е надвор од сите досегашни утврдени критериуми за избор на судии. Ова е само избор на партиски војници, избор на блиски роднини, значи практично е непотизам.

Затоа барам, навистина е сериозно прашањето, затоа што се доведува во прашање кредибилитетот на третата еднакво важна судска

власт, за која презедовме многу чекори за да ја осамостоиме, а со последниве две случувања моја оценка е - простете - ништо не сме направиле. Затоа дајте да подебатираме, да видиме. Јас знам дека согласно Законот за судови ќе следува извештај за работата на судовите, ќе ни поднесе извештај Судскиот совет, но не можеме да чекаме, затоа што ова е уште една порака до Европската унија дека ние нешто правиме само за да направиме, само донесуваме закони, но имплементацијата си останува онака како што нам ни ујдисува. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Предлогот на пратениците Борис Кондарко, Оливер Спасовски и Цветанка Иванова Информацијата да се разгледа на оваа седница го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 71 пратеник, за гласале 27, воздржано нема, против 44.

Констатирам дека предлогот на пратениците Борис Кондарко, Оливер Спасовски и Цветанка Иванова не е усвоен.

Пратениците Борис Кондарко, Оливер Спасовски и Цветанка Иванова предлагаат дневниот ред на оваа седница да се дополни со Информација за работата и состојбите во Државната комисија за спречување на корупцијата како и за изборот на претседател на Комисијата извршен на седницата на 7 февруари 2008 година.

Предлогот ви е поделен.

Молам еден од предлагачите да ја образложи итната и неодложна потреба оваа информација да се разгледа на оваа седница.

Има збор господин Борис Кондарко, повелете.

**Борис Кондарко:** Ви благодарам почитуван претседателе.

Исто како што говореше и мојата колешка Цветанка Иванова за случувањата со скандалот за продолжувањето на мандатот на претседателот на Судскиот совет и оваа иницијатива за да разговараме за случувањата и состојбите во Антикорупциската комисија претставува уште еден крупен скандал режиран од Владата на ВМРО-ДПМНЕ и премиерот Никола Груевски лично.

Имено, на 7 февруари оваа година членовите на Државната комисија за спречување на корупцијата повторно го избраа истиот претседател на Комисијата. Ова претставува невиден преседан и скандал и директно кршење на Законот за спречување на корупцијата според кој не е предвидено да може да се избере повторно еден ист претседател на Антикорупциската комисија. Дополнителен сомнеж во целиот овој случај предизвикува и фактот што за оспорената седница и за оспорената одлука јавноста до ден денеска воопшто не е ниту информирана. Зошто тоа би било проблематично доколку се работи за легален, легитимен и морален и законит избор на Мирјана Димова за повторно да биде претседател на Антикорупциската комисија.

Од друга страна дополнителен аргумент во ваквото наше тврдење и во ваквите наши сомнежи е тоа што воопшто и два месеца од 2008 година Антокорупциската комисија и нејзината поранешна и сегашна нелегална претседателка Мирјана Димова сеуште нема изготвено годишен извештај за работата да го достави до Собранието и ние овде да дискутираме по него па затоа вака на вонреден начин на итна седница приморани сме да бараме да разговараме за состојбите и за работата на Антикорупциската комисија.

Поради сето наведено, основано и отворено се сомневаме дека исто како и скандалозната незаконска одлука за повторен избор на Мирјана Димова за претседател и останатите одлуки на Антикорупциската комисија се носат под директен диктат на Владата на ВМРО-ДПМНЕ, односно лично и премиерот Никола Груевски. И наместо Антикорупциската комисија согласно Уставот и законите го открива криминалот и корупцијата од страна на власта, затоа што таа е формирана да го открива криминалот, почитуван министре за правда, на власта, таа спротивно на тоа го прикрива и штити криминалот на власта, за што говорат и одлуките поднесени по десетици иницијативи за афери на власта од страна на опозицијата. Ваквите случувања се загрижувачки, затоа што на крајот ќе кажам дека во Република Македонија по примерот на Министерството за внатрешни работи, Јавното обвинителство, сега и Антикорупциската комисија тотално се партизира и не останува државна институција која ќе се спротивстави на самоволието и криминалот на оваа Влада на ВМРО-ДПМНЕ.

Од тие причини бараме да изгласате оваа точка да ја разгледуваме како итна точка на оваа седница. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Предлогот на пратениците Борис Кондарко, Оливер Спасовски и Цветанка Иванова Информацијата да се разгледа на оваа седница го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 66 пратеници, за гласале 22, воздржано нема, против 44.

Констатирам дека предлогот на пратениците Борис Кондарко, Оливер Спасовски и Цветанка Иванова не е усвоен.

Пратеникот Верица Филипова предлага дневниот ред на оваа седница да се дополни со Информација за состојбата на енергетскиот сектор во Република Македонија.

Предлогот ви е поделен.

Го молам пратеникот Верица Филипова да ја образложи итната и неодложна потреба Информацијата да се разгледа на оваа седница.

Има збор госпоѓа Филипова, повелете.

**Верица Филипова:** Почитуван претседател на Собранието, почитувани колеги пратеници, присутни гости,

Согласно Деловникот на Собранието на Република Македонија, ве молам за согласност да гласате за да се дополни дневниот ред на денешната 104-та седница со нова точка Информација за состојбите во енергетскиот сектор на Република Македонија.

Имено, деновиве сме претрупани со информации дека нема доволно електрична енергија во Република Македонија. Рудниците за јаглен во Битола и Кичево не работеле добро, па ќе немало доволно јаглен во државата. Факт е дека од постоењето на РЕК Битола има најмалку откриена руда во депонијата, најмалку јаглен во депонијата. Можеме да прочитаме дека и хидроакумалациите биле празни, па не само за производство на електрична енергија, туку ќе немало вода ниту за наводнување. Дека се распишувал интервентен тендер за струја и дека согласно новиот Закон за јавни набавки, новата струка од увоз се договарала во четири очи; дека ТЕЦ Неготино ќе се вклучела итно за да се обезбеди доволно електрична енергија, па макар по многу и повисока цена на чинење; дека сме договориле компензација на електрична енергија во зима, да им враќаме во лето, но по кој коефициент никаде не можеме да прочитаме; дека ќе се правел ребаланс интервентен, итен на Буџетот за 2008 година за обезбедување на дополнителни средства како субвенција за електрична енергија. Можеме да слушнеме дека струјата ќе поскапела. Поради сериозноста и актуелноста на овој проблем, поради огромните средства кои се трошат за набавка на енергенси, пред се за набавка на електрична енергија, да потсетам дека се работи за десетици милиони евра народни пари, поради немањето во моментот на надлежен министер за економија, барам со наведената информација да се дополни дневниот ред на денешната 104-та седница на Собранието. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Предлогот на пратеникот Верица Филипова Информацијата да се разгледа на оваа седница го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 66 пратеници, за гласале 22, воздржано 1, против 43.

Констатирам дека предлогот на пратеникот Верица Филипова не е усвоен.

Според тоа, за денешната седница го предлагам следниот дневен ред:

1. Предлог на одлука за упатување на јаваен повик до овластените предлагачи за доставување предлог на кандидати за членови на Советот за радиодифузија.

2. Предлог за именување член на Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија.

3. Предлог на одлука за основање на Анкетна комисија за утврдување на околностите на загинувањето на Претседателот на Република Македонија Борис Трајковски.

4. Предлог на одлука за именување на претседател и членови на Агенцијата за пошти.

5. Предлог за донесување на закон за ратификација на Договорот меѓу Советот на министри на Босна и Херцеговина и владите на другите држави-учесници вопроцесот на соработка за Југоисточна Европа и Привремената административна Мисија на Организацијата на Обединетите нации на Косово, во име на Косово, согласно Резолуцијата број 1244 на Советот за безбедност на Организацијата на Обединетите нации за аранжманите со државата - домаќин во врска со Секретарјатот на Советот за регионална соработка, Предлог на закон.

6. Предлог за донесување на закон за катастар на недвижности, со Предлог на закон.

7. Предлог за донесување на закон за научноистражувачка дејнсот, со Предлог на закон.

8. Предлог за донесување на закон за поттикнување и помагање на технолошкиот развој, со Предлог на закон.

9. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за заштита и спасување, со Предлог на закон.

10. Предлог за донесување на закон за облигационите и стварноправните односи во воздушниот сообраќај, со Предлог на закон.

11. Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за радиодифузната дејност, со Предлог на закон.

12. Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за одбрана, со Предлог на закон.

13. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Изборниот законик, со Предлог на закон, поднесен од пратеникот Анита Кипаризовска Крстеска.

14. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Изборниот законик, со Предлог на закон поднесен од пратеникот Владимир Ѓорчев.

15. Предлог за донесување на закон за најниска плата во Република Македонија, со Предлог на закон.

16. Предлог за донесување на закон за обештетување на политичките затвореници и на нивните семејства во Република Македонија во периодот од 1946 до 2007 година, со Предлог на закон.

17. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за државјанство на Република Македонија, со Предлог на закон.

18. Предлог за донесување на закон за дополнување на Законот за социјална заштита, со Предлог на закон.

19. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за

вработување и осигурување во случај на невработеност, со Предлог на закон.

20. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за лековите и медицинските помагала, со Предлог на закон.

21. Стратегија за развој на радиодифузната дејност во Република Македонија за периодот 2007 - 2012 година.

22. Годишен извештај за резултатите од работењето на Македонската радио-телевизија за 2006 година.

23. Предлог на програма за формирање на стоковните резерви во периодот 2008-2010 година.

24. Предлог на завршна сметка на Буџетот на Република Македонија за 2006 година.

25. Годишен фианнсиски план на Македонската радио-телевизија за 2007 година.

26. Предлог на декларација за почитување на Повелбата на Организацијата на Обединетите нации и меѓународниот поредок.

27. Годишен извештај за работата на Рекулаторната комисија за енергетика на Република Македонија за 2006 година.

28. Извештај за работата на Советот за радиодифузија на Република Македонија за 2006 година.

29. Извештај за работата на Комисијата за заштита на правото за слободен пристап до информациите од јавен карактер од 1 септември до 31 декември 2006 година.

30. Извештај за работата на Комисијата за хартија од вредност во 2006 година.

31. Барање за давање автентично толкување на член 19 став 1 и член 20 од Законот за територијалната организација на Локалната самоуправа во Република Македонија, поднесено од градоначалникот на општина Струга.

32. Барање за давање автентично толкување на член 122 алинеја 1 од Законот за градење, поднесено од градоначалникот на општина Карпош.

33. Барање за давање автентично толкување на член 39 и членот 40 од Законот за локалната самоуправа поднесено од пратеникот Весна Бендевска.

34. Барање за давање автентично толкување на член 13 став 2 од Законот за посебните рпава на припадниците на безбедносните сили на Република Македонија и на членовите на нивните семејства, поднесено од Народниот правобранител.

35. Барање за давање автентично толкување на член 116 став 2 од Законот за работните односи, поднесено од пратеникот Цветанка Иванова.

36. Барање за давање автентично толкување на член 34, а во смисла на член 8 точки 60 и 61 и членовите 97 и 98 од Законот за енергетика, поднесено од Советот на општина Штип.

Дали има некој предлог за изменување на предложениот дневен ред?

Сите што се пријавени се процедурално, или како?

Значи, одиме по редослед.

Прва е госпоѓа Цветанка Иванова, повелете.

**Цветанка Иванова:** Благодарам господине претседателе.

Предлагаме точката на дневен ред која беше четврта, сега не знам која е, а тоа е Предлог за донесување на закон за катастар на недвижности, наместо да оди со Предлог на закон, да оди само како Предлог за донесување на закон. Значи,овој закон да го донесеме во две фази. Тоа ние како членови, како пратеничка група на СДСМ баравме и на Законодавно-правна комисија баравме, меѓутоа, нормално, бидејќи сме малцинство, бевме надгласани и понатаму остануваме на истиот предлог. Сметаме дека овој закон треба да се донесе во две фази, затоа што имаме бројни забелешки од нас пратениците, но има особено бројни забелешки од оние кои што се стручњаци од оваа област и сметаме дека пред се, причините заради кои што се предлага да се донесе овој закон во една фаза, не стојат, а тоа е дека овој закон не е обемен и сложен. Не е точно, овој закон е многу обемен и сложен и има многу членови,некаде околу 220. Значи, не се работи за еден или два члена и регулира суптилна материја, дека институционалната позиционираност на Државниот завод за геодетски работи ќе се попрецизира, не е точно, затоа што навистина, вака како што е позиционирана сега Агенцијата со Предлогот за донесување на закон има доста работи, кои што треба да ги поправиме и на крајот, дека ќе ја забрза постапката за востановување на катастарот на недвижности овој закон и дека ќе биде потранспарентно за мене, од она што значат предложени решенија, воопшто не стои, затоа што кога ќе стигнеме во општиот претрес по потребата од донесување на Законот, јас тогаш ќе образложам зошто оваа постапка како што сега се предвидува во Законот за катастар на недвижности, навистина ќе направи уште поголема рашамонијада од она што денеска го имаме во Катастарот, затоа што смао за илустрација да кажам дека се предлага замислете, утврдување право на недвижност и запишување на право на недвижност во имотните книги и издавање утврдување право на недвижност, да се прави со закон. Значи тоа е недопуштено. Ова го кажувам како еден од аргументите зошто навистина, постапката нема да биде полесна и нема да биде оваа постапка побраза и појасна и потранспарентна.

Значи, барам овој Закон, да се разгледува како Предлог за донесување на закон. Имаме време во рок од 30 дена,предлагачот да ни достави Предлог закон. Битно е да донесеме добар закон. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Предлогот на госпоѓа Цветанка Иванова го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 54 пратеника, за гласале 16, воздржано 1, против 37.

Констатирам дека предлогот не е прифатен.

Следен за процедурална интервенција е господин Борис Кондарко, повелете.

(Има реакции од пратеници во врска со кворумот).

Мислам дека има. Ако сакате, ако спорите ќе преброиме и ќе го повториме гласањето.

Молам, службите нека повелат да дадат точен број на присутни пратеници во салата.

Гласањето го прогласувам за невалидно.

Сега имаме 61 пратеник.

Ќе го повториме гласањето за предлогот на госпоѓа Цветанка Иванова, Предлогот на законот за Катастар да се разгледува во две фази.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 60 пратеника, од присутни 61, за гласале 19, воздржани нема, против 41.

Констатирам дека предлогот не е прифатен.

Повелете господине Кондарко со вашите три минути.

**Борис Кондарко:** Имаме предлог и барање, точката 14,Предлогот за измени и дополнувања на Изборниот законик,поднесен од пратеникот Влатко Ѓорчев, Собранието да ја сименод дневен ред и по можност никогаш повеќе да не ја ставите на дневен ред.

Во врска со овој закон, Владата на Република Македонија, поточно вице премиерот Зоран Ставрески, има потпишано мислење во кое се вели дека Владата му укажува на Собранието дека измените што ги предлага пратеникот Ѓорчев ќе бидат содржани во Предлогот за изменување и дополнување на Законот, кој се наоѓа во собраниска процедура.

Прво, Владата нема и Зоран Ставрески што да му укажува на Собранието, затоа што ниту јас, ниту СДСМ,ниту Собранието не го предложило овој закон, туку еден пратеник. Значи, може да му укажува на Влатко Ѓорчев.

Сега излегува дека Владата води една многу суптилна игра со која манипулира и со која треба да произлезе на крајот фалсификат, затоа што Влатко Ѓорчев, како да не е од владиното мнозинство и како да не знае какви намери има Владата и так аму текнало сам како пратеник да си поднесе закон и тоа изборен закон.

Значи, почитуваниот Зоран Ставрески, треба да знае дека пред да потпише нешто, треба да го прочита. Ова не е тендер. Овој е Изборен законик и преку пратениците на ВМРО-ДПМНЕ, Кипаризовска, Ѓорчев и Трајко Вељаноски, Владата всушност прави манипулации и игра со една контраверзна постапка со поднесување и повлекување на изборни законици, за да овозможи утре не државен фалсификат, туку интернационален фалсификат со крајно контраверзната постапка за гласање на дијаспората.

Значи, да ја оставиме процедурата на страна. Суштински причини, поради кои СДСМ бара повлекување на овој закон се во најмала рака две.

Прво, овој закон е нееверопски, неприоритетен и несуштински за Република Македонија.

Второ, Владата на Република Македонија покрај афинитетите за тендери за криминал и за корупција, сметаме дека нема доволен демократски капацитет да спроведе ваков тип на избори,со гласање на дијаспората. И дека во овој закон,со неразработувањето на соодветната постапка за дијаспората и оставањето на простор за фалсификат, всушност, се манипулира и свесно се оди кон носење на лоши законски решенија, кои единствено за цел имаат на нелегален начин оваа Влада на наредните избори повторно да остане на власт. Балгодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Предлогот на господин Борис Кондарко го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 59 пратеници, за гласале 18, воздржани нема, против 41.

Констатирам дека предлогот не е прифатен.

Повелете господине Макрадули вашите три минути.

**Јани Макрадули:** Благодарам претседателе, согласно член 72 имам предлог за измени и дополнувања на дневниот ред со точка- Извештај за реализација на Законот за издавање на вредносни бонови ваучери, обврска од Законот што го донесе Владата за издавање на вредносни бонови ваучери и Извештај што е доставен во Собранието од 11 февруари 2008 година. Не знам зошто, бидејки е законска обврска, вие не сте го ставиле како дел од овој дневен ред, бидејки седницата беше закажана на 19 февруари, а материјалот е добиен уште на 11 февруари.

Имено, расправата по оваа точка што е законска обврска, можам ако сакате и членот од Законот, член 18 од Законот за издавање на вредносни ваучери е целосен извештај, со кој се задолжува Министерството за финансии да го достави до Собранието.

Расправата треба да ги реши сите шпекулации што постојат во компјутерската бизнис заедница, а и меѓу апсолвентите.

Имено, во Извештајот пишува дека Министерството за фианнсии пишува дека Геенралниот секретарјат исплатил средства на 197 компании, кои доставиле ваучери.

За жал, во Извештајот има приказ само на 15 компании, кои што по зборовите на министерот за финансии се околу 54% од вкупната остварена продажба.

Имено, фалат 46%, фалат 182 компании, или во вредност, фалат милијон и 120 илјади евра. Мислам дека ова Собрание треба да знае како Владата потрошила два милиони евра и да се решат шпекулациите, дека со овие 182 компании

има компании кои што воопшто не продале компјутер, но за тоа биле наградени од Владата со исплата на средства за наводно, дадени ваучери.

Во прилог на овие сомнежи, оди следниот факт. Кампањата траеше 6 недели. Во првите 5 недели се продадени 5 илјади компјутери, а во последните 5 дена се продадени 6 илјади компјутери, или онолку колку што фалат во овој момент во Извештајот.

Затоа, не само што вие тоа требаше да го направите согласно Законот, но еве, ако е пропуст на некого, барам Собранието, овој Извештај што е законска обврска, согласно член 18 од Законот за исплата за издавање на ваучерите, да го стави на дневен ред и овој Извештај да го разгледуваме. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Го ставам прдлогот на господин Макрадули на гласање.

Но, пред да ве повикам да гласаме, би молел службите да достават точен број на присутни пратеници во салата, за да не повторуваме гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 64 пратеници, за гласале 25, воздржани нема, против 39.

Според тоа, констатирам дека предлогот не е усвоен.

Следен за збор се јави господин Никола Ќуркчиев.

Повелете со вашите три минути господине Ќуркчиев.

**Никола Ќуркчиев:** Не верувам дека ќе биде три минути почитуван господине претседателе, но ќе се обидам.

**Љубиша Георгиевски:** Ова се процедуралните интервенции, па затоа е ограничувањето.

**Никола Ќуркчиев:** Почитувани колеги,

Зошто едноставно, кога може комплицирано.

Имено, пред некој ден, најпријателски и најколегијално го замолив претседателот на Собранието да ми објасни зошто неколку точки се ставени во редот како точки на дневен ред на оваа седница. Тогаш, тој ми вети дека ќе поразговара со неговите соработници, ќе размисли и дека ќе постапи онака како што треба.

Мислам дека и на претседателот на Собранието и на неговите соработници била должност да неколку точки од овој предложен дневен ред да бидат симнати од повеќе причини.

Не е мало моето изненадување што очекував да некои колеги од парламентарното мнозинство, особено членовите на Комисијата за транспорт и врски се јават и побараат да овие точки бидат симнати од дневен ред.

Уважен господине претседателе, може да разговарате вие на вашиот мобилен телефон, меѓутоа уште еднаш сакам да ве замолам да срамот биде колку што е можно помал и за нас пратениците, меѓутоа и за вас како претседател на овој парламентарен дом, уште еднаш ве замолувам да направите една кратка пауза, да ги повикате вашите соработници да го прегледате дневниот ред и да видите кои точки не заслужуваат или не смеат да бидат на дневен ред.

Имено, реагирам особено за точката 20 - Годишен извештај за резултатите од работењето на МРТВ за 2006 година. Затоа, моето изненадување не е така мало што членовите на Комисијата за транспорт и врски од парламентарното мнозинство гласале да не ги разгледуваме на Комисија, бидејќи немало да се разгледуваат и на пленарна седница.

Згора на сето ова, уважен господин претседател, да ве потсетам и вас и вашите соработници, а сите 120 колеги пратеници дека воопшто не е пристигнат материјал по оваа точка во нашево Собрание.

Значи, ве повикувам вас и вашиот соработник до вас, генералниот секретар, повикувам било кој пратеник од 120-те во овој Републички парламент да покаже материјал кој примил по точка 20 Годишен извештај за резултати од работењето на МРТВ. Таков материјал ние не сме добиле. Сте ставиле точка на дневен ред Годишен извештај за резултатите од работењето на МРТВ, таков материјал не е добиен, иако, согласно Законот за радиодифузна дејност, во членот 133 пишува дека Советот на МРТВ го усвојува Годишнот извештај за резултати од работењето за претходната година и најдоцна до 31 март тековната година го доставува до Собранието на Република Македонија на разгледување.

И да дошол таков материјал, сме морале да го разгледаме минатата година а не оваа. Ве молам, направете кратка пауза, созамете се, повикајте ги вашите соработници и предложете неколку точки да бидат симнати од предложеноит дневен ред. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Постојат предлози и барања кои доаѓаат до Парламентот а се законска обврска да се разгледуваат. Законска обврска не е да говориме ние со денови за тоа но мора да се стави на дневен ред. Тоа е прво.

Знам некои од тие се апсурдно задоцнети итн, но ваков предлог, од ваков тип не се решава со краток прекин со соработниците. Може да се решава и не одбивам да го решаваме со краток прекин од 15 минути на координација, тоа може ако се согласат пратеничките групи, тоа можеме да го направиме. Но, има време, бидејќи додека дојдат тие точки на ред, имаме време да интервенираме и ќе се договориме.

Предлогот на господинот Ќуркчиев го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Пред да ги објавам резултатите од гласањето, ги молам службите да достават точен број на присутни пратеници.

(Службите доставуваат точен број на присутни пратеници)

Точно сме 61 пратеник.

Гласале вкупно 59 пратеници, за гласале 20 пратеници, воздржани нема, против 39.

Според тоа, констатирам дека предлогот не е прифатен.

Но, тоа не значи на координација ова да не го ставиме на дневен ред. Има време до тогаш. Ќе го ставиме на дневен ред, па ако се договориме, ќе постапиме според вашиот предлог.

Понатаму, за процедурална интервенција се јави господин Тале Герамитчиоски.

Повелете со вашите три минути.

**Тале Герамитчиоски:** Благодарам претседателе.

Не е процедурална интервенција, имам предлог.

Точката 23, според предлогот на дневниот ред што ни е доставен во писмена форма Годишен финансиски план на Македонската радио телевизија за 2007 година, да се симне од дневниот ред од едноставна причина што е депласирано да се зборува за финансиски план за МРТВ за 2007 година што е изминатата. Можеби од субјективни или објективни причини е направен пропуст што досега не сме разговарале за овој план што според Законот сме обврзани да го разгледаме. Можеби е пологично сега во овој пременски период, за Годишниов финансиски план за работа на МРТВ за 2008 година.

Мислам дека е во интерес и на времето и рационалното составување на оваа точка од дневен ред да отпадне. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Тоа е исто во контекст што кажав за претходните точки. И јас, многу скоро ќе разговарам со вашиот координатор за тоа.

Дали вие инсистирате да го ставам вашиот предлог на гласање.

**Тале Герамитчиоски:** Ставете го.

**Љубиша Георгиевски:** Предлогот на господинот Герамитчиоски го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 59 пратеници, за гласале 18, воздржани нема, против гласале 41 пратеник.

Според тоа, констатирам дека Предлогот не е усвоен.

За процедурална интервенција се јави господин Благој Зашов, повелете.

**Благој Зашов:** Господине претседателе, колеги пратеници,

Проблемот со невработените со над 25 години стаж на осигурување, кои порано примале надомест од Агенцијата за вработување, како што знаете не е нов. Но, тој секојдневно се усложнува, затоа што над пет илјади лица од оваа категорија упорно бараат од Владата и од Собранието да исправи една неправда што во минатото е направена кон оваа категорија граѓани.

Протестите што тие ги правеа и континуирано ги прават во изминативе 13 месеци покажуваат дека упорно бараат решение за нивниот проблем, затоа што се чувствуваат онеправдани токму од државата која спроведе неправедна приватизација. Итноста за решавање на нивниот проблем и покрај тоа што се работи за социјална категорија на население што нема основни средства за живот и секојдневно не знае како да преживее. Тие, со нетрпение секојдневно очекуваат ние, како пратеници, да се позанимаваме со нивнот проблем и да дискутираме овде, како и да усвоиме законско решение за трајно решавање на едно оправдано барање.

Дискусијата во Собранието може да помогне за евентуално подруго решение што би го усвоила Владата, доколку мнозинството во Собранието смета дека не може да се гласа за нашиот Предлог на закон. Да потсетам дека Предлогот на законот за решавање на проблемите на таканаречените стечајци беше на дневен ред на 69-та седница како точка 24. Таа седница е една од многуте што не е завршена.

Нашата пратеничка група го повлече Предлогот на законот од оваа седница за може поради итноста да се стави повторно на дневен ред. Доколку новиот предлог остане така како што е сега предложено, со најновиот дневен ред на 19-тото место од дневниот ред, тоа значи дека практично ќе ја доживее истата судбина како што беше и со предлогот поставен на 69-тата седница.

Да заклучам, самиот факт што така наречените стечајци повеќе од 13 месеци протестираат и се сместени во Паркот на жената борец, наспроти Собранието, укажува на тоа дека станува збор за итно прашање што треба да се разгледа како прва точка од дневниот ред на денешната седница.

Предлагам предлогот на пратеничката група за овој закон да биде точка 1 во дневниот ред.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам господине Зашов.

Се разбира, ќе ви дадам збор веднаш откако ќе се усвои дневниот ред, затоа што овде се работи за рокада. Сега сме во фаза на предлози за промена и измена на дневниот ред. Штом ќе го изгласаме дневниот ред ќе ве поканам уште еднаш ова официјално да го повторите.

Пратеникот Славица Грковска е пријавена исто така за промена на дневниот ред.

Господин Оливер Спасовски, повелете процедурално.

**Оливер Спасовски:** Благодарам почитуван претседателе.

Сакам процедурално да ја искористам можноста, пред се заради тоа што има итна потреба, да побарам од Владата на Република Македонија за првата наредна седница да се достави информација околу состојбите со градските депонии во Република Македонија и планот за изградба или санација на постојните депонии во Република Македонија.

Зошто го барам ова? Заради тоа што деновиве Куманово повторно се соочува со проблем на

изнесување на комуналниот смет со блокада на градската депонија и неколку последни дена оваа состојба кулминира затоа што и сметката на Јавното комунално претпријатие е блокирана што е единствено во Македонија, а за што неколку пати реагирам во овој период.

Мислам дека таков проблем со кој се соочува Куманово се соочуваат и другите општини и потребно е да се достави една ваква информација.

Имено, на 9 февруари 2008 година од месното население беше блокирана депонијата Краста во Куманово. Тие имаат право на тоа заради тоа што навистина се нарушува животната средина, а посебно заради тоа што таму има производство на раноградинарски култури со кои се снабдуваат и Куманово и поширокиот регион.

Бидејќи пред да се случи таа блокада, овие населени места Пчиња, Студена Бара, Вакав и Винце беа посетени од министерката за внатрешни работи и од неколку колеги пратеници. Министерката има дадено ветување пред овие жители дека за 6 дена ќе ја затвори таа депонија. Тогаш прв пат дознав дека затворањето на депониите во Македонија е во надлежност на Министерството за внатрешни работи. Меѓутоа, Државниот инспекторат за животна средина донесе решение врз основа на што ќе треба да се санира таа депонија. Ветено е 100 илјади долари за реконструкција на патот Куманово-Пчиња во должина од 12 км.

Веднаш потоа, на 12 февруари писмено се обратив до премиерот Никола Груевски, министерот за транспорт Миле Јанакиески и министерот за животна средина Џелил Бајрами од кои што барања до сега немам добиено никаков одговор што ќе се преземе во овој контекст.

Имајќи предвид дека Куманово 2001 година се соочи со тоа да биде прекинато водоснабдувањето над 40 дена и се случува да последната година и пол постојано се блокира и се затрпува смет во општина Куманово, сметам дека има потреба да се достави една ваква информација што ќе се разгледа на Собранието, ќе се дадат насоки и ќе го разгледаме планот како и на кој начин ќе се решава проблемот со овие депонии во Република Македонија. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Ве молам да доставите барање во писмена форма што ние после ќе го проследиме до Владата.

Остана уште госпоѓа Славица Грковска.

Се согласувате ли прво да оди господин Благој Зашов? (Се согласува).

Значи, се согласувате да му дадам збор на господин Благој Зашов.

Предложениот дневен ред го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 69 пратеници, 53 пратеници гласале за, 1 воздржано, 15 против.

Констатирам дека е усвоен предложениот дневен ред.

Повелете господине Зашов сега за вашиот предлог за рокада.

**Благој Зашов:** Господине претседателе, предлагам точката што ја прочитавте како точка 19, Законот за таканаречените стечајци да се префрли од точка 19 да биде точка 1 од дневниот ред. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Имате ли поддршка од 10 пратеници? (Имате).

Според тоа, предлогот на господин Благој Зашов го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 82 пратеници, за гласале 35, воздржани нема, против гласале 47 пратеници.

Според тоа констатирам дека предлогот на господин Зашов не е прифатен.

Повелете госпоѓо Грковска да го слушнеме вашиот предлог.

**Славица Грковска:** Благодарам претседателе.

Предлагам, Предлогот за донесување на закон за поттикнување и помагање на технолошкиот развој со Предлог на закон да биде пред точката на дневен ред односно пред Предлогот за донесување на закон за научно истражувачка дејност, со Предлог на закон, од следните причини:

Предлогот за донесување на закон за поттикнување и помагање на технолошкиот развој веќе еднаш беше во собраниска процедура. Ги помина сите работни тела и дискусии. Со оглед на тоа што е еден од законите со европското знакче, беше на агендата на една од лидерските средби на која се усогласуваа ставовите по законите што го носат европското знакче. Благодарение на тоа и на усогласеноста помеѓу лидерите на политичките партии беше ставен на дневен ред на седницата што беше посветена на законите со европско знакче на 3 и 4 јануари.

Меѓутоа во духот на однесувањето на премиерот Груевски да бира што од договореното на лидерските средби ќе почитува, а што не, без никакви најави и без никакво образложение овој закон беше повлечен без никакво образложение од дневен ред на таа седница и не само од дневен ред туку беше повлечен од процедура за подоцна повторно да го добиеме со одредени измени што практично ние ги имавме предложено во форма на амандмани што го подобруваат текстот. Заради ваквата ситуација со овој закон, сметам дека овој закон треба да се разгледува пред законот што за прв пат во собраниска процедура и сакам да апелирам до Валдата на Република Македонија да изгради сериозен однос кон сите прашања кои се однесуваат на образовната политика заради тоа што ваквата судбина на законот за технолошки развој го доживеа Законот за високо образование, знаеме какви решенија беа подметнати во Законот за високо образование откако еднаш веќе беше повлечен од собраниска процедура. За среќа тоа

не е така со овој закон и затоа сметам дека треба да се разгледува пред останатите точки од дневниот ред, пред точката, Законот за научно истражувачка дејност.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Ако сакате да бидете љубезни да кажете кој број за полесно да се ориентираме.

**Славица Грковска:** Претседателе, имаше дополнување на дневниот ред, па јас не знам која точка е за научно-истражувачка дејност. Ако одиме по дневниот ред кој го добивме, предлагам точката 5 да стане точка 5, а точката 5 точка 6.

**Љубиша Георгиевски:** Го слушнавме предлогот.

Тогаш дајте да одиме по името на секој закон или Предлог закон.

**Славица Грковска:** Предлагам, Предлогот за донесување на закон за поттикнување и помагање на технолошкиот развој со Предлог на закон да се разгледува пред Предлогот за донесување на закон за научно истражувачка дејност со Предлог закон.

**Љубиша Георгиевски:** Сега се е совршено јасно.

Предлогот на госпоѓа Грковска го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 73 пратеници, за гласале 40, воздржан 1, против 32.

Според предлогот на госпоѓа Грковска е усвоен.

Следен за процедурална интервенција е господин Тахир Хани, повелете.

**Тахир Хани:** Благодарам господине претседателе, почитувани пратеници.

Јас би сакал и барам од пратениците точка 14 од стариот денвен ред, што се однесува на Предлог за донесување на закон за обештетување на политичките затвореници и на нивните семејства во Република Македонија во периодот од 1946 до 2007 година, да биде прва точка од дневниот ред. Тоа го образлагам со фактот дека еден ваков закон донеле сите соседни земји, еден голем број на земји кои се произлезени од поранешниот комунистички систем и кој се однесува на обештетување на сите лица кои имале последици од поранешниот комунистички режим. Мислам дека оваа точка од дневниот ред доаѓа природно, соглед на тоа што ние гласавме Закон за лустрација и нормално после овој Закон треба да изгласаме и еден ваков закон кој исто така произлегува како обврска од европските резолуции 1096 и 4091. Мислам дека наидовме на разбирање кај еден голем број на пратеници кои исто така сметаат дека еден ваков Предлог закон треба да се усвои во Собранието на Република Македонија, со цел да направиме една корекција односно да им излеземе во пресрет на лицата кои имале последици од поранешниот комунистички режим. Значи имам подршка и од пратениците за да се усвои еден ваков закон и ги повикувам сите рпатеници да гласаат оваа точка да биде ставена како прва точка на дневен ред. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Го слушнавте предлогот на господинот Тахир Хани.

Господине Хани имате ли подршка од 10 пратеници?

Има подршка од 10 пратеници.

Предлогот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 64 пратеници, за гласале 16, воздржани 4, против 44.

Констатирам дека предлогот не е усвоен.

Процедурално за збор се јавува господинот Рафис Алити, повелете.

**Рафис Алити:** Благодарам.

Во име на парламентарната група на ДУИ, но и во име на поголеми интереси за нашата земја, ние имаме предлог пратениците кои поднеле предлог закони за Изборниот законик, Анита Кипаризовска и Владимир Ѓорчев, да ги повлечат тие предлог закони. До колку тие лично не ги повлечат, тогаш ние предлагаме Собранието да гласа за нивно повлекување односно тие да не бидат дел од овој дневен ред како што е предвидено, бидјеки таквите закони треба да се усвојуваат со консензус. Тоа им е јасно на сите пратеници кои се во Собранието. До колку не се случи тоа, тогаш ние ќе сметаме дека навистина власта прави опструкции на Парламентот и позицијата е таа која ја попречува Македонија на патот кон остварување на стандардите кои се бараат за добивање на покана било за членство во НАРО или во Европската унија.

Сите препораки кои доаѓаат, било од Брисел или од другите земји, во нив јасно се кажува дека Изборниот законик треба да се усвои со консензус. Затоа уште еднаш велам, до колку тие не ги повлечат предлог законите, ние ќе сметаме дека позицијата е таа која врши опструкции на работата на ова Собрание.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Прво да ви кажам дека ние еднаш гласавме за нешто слично, а вашиот предлог за да гласа Собранието е задоцнет, бидјеки ние го усвоивме дневниот ред и сега не можеме да го менуваме. Вашето политичко мислење околу тоа е ваше право кое не мислам да го спорам. Деловнички е вака како што јас ви велам, а впрочем самиот предлог дојде деловнички исто така исправно, сите деловнички ситуации  се кристално чисти, така што не можеме да се вратиме назад.

Одиме понатаму.

Процедурално за збор се јави господинот Игор Ивановски, повелете.

**Игор Ивановски:** Господине претседателе, ситуацијата во Република Македонија на планот на економијата исоцијалната положба е најлоша од своето постоење. Во јануари месец инфлацијата достигна вреднсот од 8,7%. Максимално и највисоко е досегашното ниво на цените на сите производи. Таа тенденција ќе продолжи и понатаму. Цените на суровините, на пример во земјоделието што во 2006 година

изнесуваа, за вештачкото ѓубре 600 денари за една вреќа, сега веќе достигнуваат вредност од 1500, 1800, 2200 денари или повеќе од 300 до 400% поскапување. Владата во таа смисла, според нас,не презема буквално никакви активности, бидејки Комитетот, таканаречен, што го предводи вице премиерот Ставрески, за следење на цените, претставува Комитет само за сликање на господинот Ставрески и претставникот на бизнис заедницата на ВМРО-ДПМНЕ, "Тинекс". Цените на зејтинот го достигнаа своето највисоко ниво.

(Реакција на пратениците од позицијата).

**Љубиша Георгиевски:** Ве молам, да спазиме парламентарност. Повелете.

**Игор Ивановски:** Цената на маслото за јадење ја достигна својата рекордна цена, се најавува поскапување на лебот, се најавува поскапување на струјата, наспроти јавните ветувања на Груевски и Ставрески за наводно поефтинување на парното, тоа пред три дена беше поскапено за 18%. Животот станува неиздржлив, живеачката станува се повеќе и повеќе отежната, просечната плата во Република Македонија исплатена за декември е намалена за 5 евра или 300 денари и се повеќе се доцни во нејзината исплата. Наводното покачување на палтите во администрацијата апсолутно нема никаков ефект, бидејки ако покачувањето беше 1000 до 1100 денари, потрошувачката коншница е зголемена за цели 2000 денари. Во таа ситуација СДСМ како партија која тргнува единствено за интересите на граѓаните, предложи закон за најниска плата во Република Македонија. Тоа е наша обврска како кандидат за членка во ЕУ, но пред се тоа е наша обврска заради подобрување на животнито стандард на граѓаните. Овој закон директно ќе тангира најмалку 65000 лица кои во овој момент примаат плата од 3500 до 4500 денари.

Нашиот предлог е да се донесе законско решение за 8100 денари најниска плата и во приватниот, но и во јавниот локален или централен републички сектор. Затоа, господине претседателе, за разлика од Валдата која единствено се слика и не презема ништо за подобрување на животнито стандард, ние го предложивме овој закон и сметаме дека е потребно да се донесе. Затоа и предлагам, во име на пратеничката група на СДСМ, Предлогот за донесување на закон за најниска плата во Република Македонија, предложен од страна на СДСМ точка број 13 да стане точка 1 и ја бараме подршката од сите пратеници за донесување на овој многу битен закон, клучен за голем број на граѓани на Република Македонија.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Има ли подршка од 10 пратеници?

Има подршка.

Според тоа предлогот на господинот Игор Ивановски го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 70 пратеници, за гласале 25, воздржани нема,против 45.

Предлогот не е усвоен.

Повелете господине Серафимов, вашите три минути.

**Влатко Серафимов:** Почитуван претседателе и јас имам истот ака еден предлог за измена на дневниот ред, на редоследот на точките.

Предлагам точка 7 во новоизгласаниот дневен ред - Предлог за донесување на закон за научно-истражувачка дејнсот, со Предлог на закон да биде точка 6, а точка 6 да стане точка 7- Предлог за донесување на закон за катастар на недвижности, со Предлог на закон.

Сакам да ја образложам оваа промена, бидјеки Законот за научно истражувачка дејнсот, за мене е многу побитен од Законот за катастар на недвижности, затоа што прво катастарот на недвижности, мое мислење е дека требаше да го доенсеме во две фази. Затоа предлагам да дојде до промена на редоследот.

Законот за научно-истражувачка дејност е многу битен за Република Македонија за тоа што од овој закон многу зависи развојот на државата, како ќе се однесуваат научно-истражувачките работи. Затоа барам оваа промена Собранието да ја изгласа, така што прва точка на дневен ред, со знакот на Европската унија, да биде Предлогот за донесување на закон за научно-истражувачка дејнсот.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Предлогот на господинот Влатко Серафимов го ставамна гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 85 пратеници, за гласале 27, воздржани нема, против 48.

Според тоа предлогот на господинот Влатко Серафимов не е усвоен.

Процедурална интервенција повторнопобара господинот Алити, повелете.

**Рафис Алити:** Благодарам.

Со оглед на тоа што пратениците од кои побаравме да ги повлечат тие Предлог закони кои се предложени од страна на пратениците Анита Кипаризовска и Влатко Ѓорчев, а тие до сега не преземаа таков чекор со што би покажале сериозност, кога се работи за вака значајни закони, а имајки предвид дека во собраниска процедура исто така е и Предлог Изворниот законик предложен од страна на Владата, едноставно тоа е една игра на пратениците од парламентарната група на ВМРО-ДПМНЕ, ние имаме потреба да се консултираме дали е почитувана процедурата затоа што, како што реков имаме еден предлог на Изборен законик за кој се дебатираше во една претходна пленарна седница и сакаме да се консултираме дали е во ред што вие два предлог закони се ставени на дневен ред, бараме пауза од 30 минути.

**Љубиша Георгиевски:** Добро.

Објавувам прекин од половина час, во врска со барањето на господинот Рафис Алити, тоа ќе се спои со прекинот за ручек. Значи ќе продлжиме во 15 часот и 12 минути.

(Пауза од 30 минути)

(По паузата сеницата продолжи со работа во 15,55 часот)

**Благој Зашов:** Уште еднаш ги молам колегите пратеници кои се во околните сали да влезат во главната сала како би можеле да продолжиме со работа.

Колеги пратеници ве молам да седнете на вашите места, продолжуваме со работа.

Само да потсетам дека сме застанати во утврдување на дневниот ред односно за евентуално промени во дневниот ред и дисплејот има неколку пратеници кои побарале збор.

Прв за збор се јави господин пратеникот Сафет Незири.

Господине Незири, повелете.

**Сафет Незири:** Ви благодарам господине потпретседател. И ние сме на мислење, значи Парламентарната група на ДУИ имајќи ги во предвид некои предлози од страна на Новата социјал демократска партија пред се Законот за регулирање на статусто на стечајните фирми исто така за минималните плати да се регулира со закон, а кој се однесува на социјален пакет ние предлагаме дека се однесува за еден социјален пакет а тоа е Предлог за донесување закон за дополнување на Законот за социјална заштита, со Предлог на закон. Значи се однесува со категиријата социјален пакет. Сакам да образложам дека тешката економска и социјална состојба во Република Македонија сиромаштијата која што е многу висока, зголемувањето на цените и на прехранбените производи и со овие приходи кои што го земаат корисниците на социјална помош не можат да ги покријат минималните трошоци. И, овој закон предвидува или ова надополнување предвидува со дополнителни финансиски средства да се покријат трошоците за електрична енергија, за вода и радиодифузна такса на еден начин. Колку што ние знаеме еден голем број на граѓани во Република Македонија кои што користат социјална помош мислам дека е добро да биде прва точка на дневен ред со што ќе им се олесни, ќе им се овозможи барем малку подоинствен живот. Ви благодарам многу.

**Благој Зашов:** Благодарам господине Незири.

Со оглед на тоа што е предлог за промена во дневниот ред јас би молел да оние кои ќе го поддржат најмалку 10 пратеници за да може да се стави на гласање.

Дали имате поддршка од 10 пратеници.

Молам службите да избројат дали има 10 пратеници. (Има). Благодарам.

Пред да преминеме на гласање јас би молел службите да констатираат колку пратеници се во салата како би можеле да констатираме дали има кворум.

Констатираме дека нема доволен број пратеници за гласање за кворум.

Со оглед на тоа што имаме две солуции, да дадеме 10 минути за обезбедуваме кворум или да ја прекинеме овде седницата.

(Реакции од пратениците)

Повелете процедурално господине Макрадули.

**Јани Макрадули:** Почитуван потпретседателе, се извинувам за оваа процедурална интервенција, но како координатор на пратеничката група на Социјал демократскиот сојуз сакам да го изразам негодувањето што во официјалната делегација на Собранието која идната недела ќе оди во посета на Турција, нема претставник ниеден на Социјал демократскиот сојуз, сметам дека е непримерно пратеник од најголемата опозициона партија да не биде дел од официјалната делегација во посета на Турција, посебно кога 4 души од Кабинетот на претседателот одат во таа делегација плус.

Сметам дека кога одиме кај земја која ни е еден од најголемите лобисти за НАТО за Република Македонија, знаејќи ги одличните односи што ги направивме со Република Турција кога Социјал демократскиот сојуз беше дел од Владата во изминатиот период мислам дека е лоша порака, лоша порака што ја испраќаме кон луѓето што ќе ја пречекаат нашата делегација таму.

Во овој момент треба да негуваме заедничка слика, треба да негуваме заеднички ставови пред НАТО кај еден од нашите реков најголемите пријатели поддржувачи за нашиот прием во НАТО. Мислам дека ова е сериозен пропуст и дека отсуството на пратеник од пратеничката група на Социјал демократскиот сојуз најголема по број во опозиција ќе фрли сенка на целата делегација имајќи во предвид дека одат повеќе службеници отколку пратеници во таа посета заедно со претседателот на Собранието. Благодарам.

**Благој Зашов:** Благодарам.

Јас за жал не можам да дадам ниту коментар, не сум информиран за тоа така да не можам да ви одговорам евентуално ако очекувавте одговор од мене.

Со оглед на тоа што сепак сме близу до кворумот само уште 4 пратеници ни недостасуваат јас ќе предложам 10 минути пауза за да обезбедиме кворум и да продолжиме со работа. Благодарам.

(Пауза од 16,00 часот)

(По паузата седницата продолжи со работа во 16,15 часот)

Ги молам колегите пратеници да влезат во салата како би можеле да продолжиме со работа.

Ги молам колегите пратеници да седнат на своите места, како и оние што се во околните сали, да влезат да би можеле да констатираме дали имаме кворум за работа.

(Некои пратеници влегуваат во салата)

Ги молам службите да пребројат колку патеници имаме во салата.

(Службите ги пребројуваат присутните пратеници во салата)

Колеги пратеници во молам седнете на своите места.

Ги молам и колегите од ДУИ, за чии предлог треба да се гласа да влезат во салата како би можеле да преминеме кон гласање.

Колеги пратеници, со оглед на тоа што имаме кворум за работа, ве повикувам да гласаме за предлогот на колегата Незири.

Ве повикувам да гласаме.

Од 61 присутен гласале 49. Сите 49 се против.

За збор е пријавена госпоѓа Роза Топузова Каревска која не е присутна.

Исто така и господинот Рафиз Алити.

Предложениот дневен ред, со оглед на тоа што беше гласано е усвоен.

Констатирам дека можеме да продолжиме со работа.

**Минуваме на точката 1 - Предлог на одлука за упатување на јавен повик до овластените предлагачи за доставување предлог на кандидати за членови на Советот за радиодифузија.**

Предлогот на одлуката ви е доставен.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на одлуката.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

За Предлогот на одлуката гласале 52 пратеници, од кои 51 за, 1 воздржан и против нема.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлука за упатување на јавен повик до овластените предлагачи за доставување предлог на кандидати за членови на Советот за радиодифузија.

**Минуваме на точката 2 - Предлог за именување член на Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија.**

Предлогот ви е доставен.

Отворам претрес по Предлогот Светлана Јаневска да биде именувана за член на Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот Светлана Јаневска да биде именувана за член на Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија го ставам на гласање.

Сепак, би сакал да проверам дали имаме кворум.

(Реагираат пратениците, затоа што во салата има доволно пратеници).

Ве повикувам да гласаме.

За Предлогот на одлуката гласале 56 пратеници, од кои 51 за, воздржани 3 и против 2.

Констатирам дека Светлана Јаневска е именувана за член на Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија.

**Минуваме на точката 3 - Предлог на одлука за основање на Анкетна комисија за утврдување на околностите за загинувањето на претседателот на Република Македонија Борис Трајковски.**

Предлогот на одлуката ви е доставен.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на одлуката.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

За Предлогот на одлуката гласале 59 пратеници, од кои 57 за, воздржан нема и против 2.

Констатирам дека Собранието ја донесе одлука за основање на Анкетна комисија за утврдување на околностите за загинувањето на претседателот на Република Македонија Борис Трајковски.

(Со седницата продолжи да претседава потпретседателот Бесим Догани.)

**Бесим Догани: Минуваме на точката 4 - Предлог на одлука за именување на претседател и членови на Агенцијата за пошти.**

Предлогот на одлуката ви е доставен.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на одлуката.

Молам, кој бара збор?

Има збор Оливер Спасовски, повелете.

**Оливер Спасовски:** Благодарам потпретседателе.

Сакам неколку збора да кажам во однос на одлуката за именување на претседател и членови на Агенцијата за пошти, што се востановува прв пат како регулаторно тело во оваа област. Мислам дека заслужува внимание заради тоа што значењето кое што го има оваа Комисија или кое што ќе го има пред се во либерализација на поштенскиот сообраќај заслужува внимание и одреден коментар во однос на понудените кандидати кои што се за основа на Агенција за пошти.

Вчера се одржа седница на Комисијата за прашања на изборите и именувањата, која што го даде предлогот до Собранието на Република Македонија. Уште вчера реагирав на Комисија во однос на начинот на кој што се закажа седницата на Комисијата и начинот на кој што се достави Предлогот на Комисијата, што укажуваше дека апсолутно не се работи за сериозен приод кон именувањето на овие членови, што е спротивно од заложбите навистина да имаме воспоставување на одредени институции на еден сериозен и професионален начин.

Мислам дека пренесериозно е само на половина час пред одржувањето на седницата на Комисијата да се доставаат кандидати и воопшто материјал за една таква комисија, без да се има можност да се разгледаат кандидатите, да се видат нивните биографии, а Комисијата да биде закажана за еден ден односно истиот ден.

Според тоа мислам дека таквиот начин на кој што се избира или избира парламентарното мнозинство пред се ВМРО-ДПМНЕ и Никола Груевски да поставува одредени кадри укажува на фактот дека апсолутно не се работи за сериозен пристап, укажува на фактот дека апсолутно не се има во предвид професионалноста, туку едноставно се гледа како можност за именување на одредени луѓе за задоволување на одредени кадровски решенија или потреби на коалиционите партнери и на крај ќе резултира со избор на една комисија, на едно регулаторно тело кое што би работело врз основа на некакви нови постулати, а не врз основа на стручност, компетентност и професионалност.

Ако се погледаат биографиите на кандидатите, сега можеме да ги видиме подетално, вчера при носење на предлогот на Комисијата, немаше услови за такво нешто и не се укажува на тоа дека има сериозност за целата оваа работа, едноставно се продолжува со тој тренд, постојано да се инсталираат кадри од ВМРО-ДПМНЕ од коалиционите партнери, без разлика на тоа дали се стручни и компетентни за соодветната област. Како што е принципот на работа на ова парламентарно мнозинство, се она што ќе дојде од страна на Владата на Република Македонија се да се поддржи. Се она што ќе дојде од Извршниот комитет на ВМРО-ДПМНЕ, сите членови на сите работни тела во Собранието на Република Македонија, па и на Комисијата за избори и именувања да гласаат за. Веројатно, ќе се наметне таков принцип на работа и во Комисијата за Агенцијата за пошти, се она што ќе стигне од Комитетот на ВМРО-ДПМНЕ, ќе биде одобрено. Нема потреба многу да се размислува, нема потреба многу да се цени и ако се тргнува од едни такви претпоставки, сосема нормално е зошто имаме понудено вакви решенија кои што се дадени како предлог. Јас дел од овие луѓе ги познавам, некои не ги знам, доволно говори биографијата која што е приложена за сите нив заеднички именител е партиската книшка на некои од коалицијата партнери најмногу на ВМРО-ДПМНЕ, а остатокот можеби има некој од ДПА и од НСДП. Еден од кандидатите кој е предложен и за претседател на Комисијата Дејан Бошковски, гледам има богато работно искуство по четири или пет месеци во разни фирми во Република Македонија, секаде каде што ги држи ВМРО-ДПМНЕ позициите на власт, сега во моментов е раководител или директор на еден од погоните кој што беше одделен од Железницата во Скопје. Веројатно е со добри капацитети и малку е да работи само како раководител, туку ќе мора да му се додели уште една функција, претседател на ова регулаторно тело. Или пак, втората причина затоа што премногу долго се задржал на оваа позиција ќе мора да се смени нешто и за кратко време да премине на некоја нова позиција. Мислам дека таков кандидат кој што неуспеал 5 - 6 месеци да се задржи на едно работно место и постојано преминувал од едно во друго место, благодарение на тоа што таму го делегирале некои од Извршниот комитет на ВМРО-ДПМНЕ, укажува на фактот дека е само добар извршител на наредбите кои му ги дава партијата и заради тоа заслужува внимание да биде и претседател на оваа Комисија, за да може успешно на ВМРО-вски начин да го либерализира пазарот и на поштенски услуги во Република Македонија.

Имаме кандидат за член на Комисијата Јорданчо Давидовски кој е професор по ликовна уметност од Куманово. Навистина, вчера кажав, а и сега ќе кажам дека би бил посреќен доколку го имавме кандидат за некоја позиција или заменик министер или државен секретар во Министерството за култура, таму каде што најмногу може да придонесе, меѓутоа, не гледам апсолутно никаква причина врз основа на која што би можел да одлучува мериторно во Комисијата на Агенцијата за пошти, освен ако не му е заедничкиот именител она што го кажав и за претходниот кандидат, а тоа е добро да ги слуша наредбите од ВМРО-ДПМНЕ. Исто така, добро да ги слуша наредбите како што ги слушаше кога беше директор во училиштето Христијан - Карпош во Куманово и по наредби на господинот Даравелски правеше политички егзекуции во тоа училиште. Во тоа сум убеден дека се она што ќе му се даде како задача директно од Извршниот комитет добро ќе го направи. Единствена причина заради која мислам дека е ставен во оваа Агенција веројатно да помогне на Македонски пошти во телот на филателијата, ако дојде време да се направи некој портрет на Груевски, на некоја од поштенските марки, тоа ќе го направи со успех, заради тоа што тој најдобро знае тоа да го направи за сопствена чест. Навистина, ако е тоа причината заради која што го ставате овој човек во една таква институција, тогаш од ваш партиски аспект е прифатливо. Или пак, се наведува дека има добиено одредени награди во 1997 година, 1998 година, 1999 година, за анимирани филмови. За жал, нема да работи Комисијата никаква продукција како што е Еднооки, или некој друг, туку нешто сосема друго.

Понатаму, мислам дека ништо апсолутно нема да се добие на квалитет и на зголемување на професионализацијата, ако имаме предложено кандидат кој од неговата биографија, ако земете да ја прочитате, тоа е господинот Шпренди Адеми во делот на обуки, кои што ги има на дообразба, кажува дека како обука му било тоа што бил претседател на Комисијата на општина Боговиње, за изградба на мини хидроцентрали на реката во Боговиње. Професионалното искуство му е познавање на комјутерските апликации. Мислам дека овде станува збор за вистински експерт во овој дел и многу ќе придонесе да се направи едно квалитетно регулаторно тело и да може да се

работи како што треба. Еден од кандидатите гледам дека работи во ОХИС моментално, самостоен референт, кој напредувал во шеф на одржување на фабриката. Тој веројатно е оној кој помогна на актуелната власт во влезот во ОХИС и како награда добива да биде член во Агенцијата на Комисијата и веројатно избира дека мора да се сели во некоја друга институција, не се останува во ОХИС, бидејќи 7 - 8 месеци нема плата. Е, на ваков начин, почитувани дами и господа, нема да направиме комисии, квалитетни, квалитетен регулатор во делот на поштенскиот сообраќај, туку напротив, уште еднаш си ги задоволивте вашите партиски и коалициони интереси, уште еднаш покажавте дека вашиот принцип на работа и принципот на вашиот шеф Груевски е тотална партизација и депрофесионализација. Од тој аспект оваа одлука која што е предложена во Собранието, не заслужува поддршка.

Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Спасовски.

Следен за збор е господинот Никола Ќуркчиев, повелете.

**Никола Ќуркчиев:** Благодарам потпретседателе.

Почитувани колеги од парламентарното мнозинство, дозволете барем да кажеме што мислиме за точката која што е на дневниот ред. Ем правиме кворум во оваа сала, ем не надгласувате, дозволете барем да поправиме нешто ако може или ако дозволите.

Почитувани колеги, неодамна го донесовме законот, поточно на 18 јануари го донесовме Законот за пошти. Тој е еден од европските закони за кои што се зборуваше и на лидерските средби.

Почитувани колеги, дајте да ја промениме праксата, не само да ги носиме законите со европско знаменце, туку да почнеме истите да им имплементираме. Не значи тоа дека ако ја имате довербата во овој момент дека не се губи така лесно. Напротив, ако донесовме европски закон, пред се апелирам до членовите на Комисијата за транспорт и врски да го почитуваат законот, во кој што децидно се вели дека членовите на ова регулаторно и пред се независно тело треба да бидат истакнати во својата област, пред се на поштенските услуги, машинството, правото, економијата итн. Со сиот респект за партиските активности на предложените кандидати, почитувани колеги не е доволно, некој да се предложи за претседател на ова независно регулаторно тело, сеедно ако има и машински факултет. Човекот кој што го предлагате можеби и не знае за што всушност тој се предлага. Ова независно регулаторно тело или Агенцијата за пошти е сериозен орган кој што ќе биде под постојан мониторинг на посебна европска комисија. Ве молам, дајте да бидеме сериозни. Не е местото на ликовни уметници да бидат членови на оваа Комисија. Сега, човекот кој работи во ДОЕЛ друштво за ремонт на пруги и нискоградба го ставаме за претседател на Комисија, а таму носиме претседател на Управен одбор дипломиран биолог. Па, тоа ли е европско однесување. Така ли ќе ги имплементираме законите.

Почитувани колеги, вчера на Комисијата се обидов да не си смонувам имињата на дотичните кандидати. Меѓутоа, ова е пленарна седница, сакале или не, ќе мораме да го направиме и тоа. Почитуваниот колега Спасовски зборуваше за еден од кандидатите кој има завршено ликовно образование, кој е истакнат ликовен уметник од неговиот град од Куманово, меѓутоа верувајте ми ако некој од вас помислил дека можеби истиот ќе има можност барем да учествува во изработка на поштенски марки, тоа не е во надлежност на оваа Агенција. Не е во надлежност на Агенцијата без разлика за кој кандидат станува збор, а е предложен од парламентарното мнозинство, само затоа што перфектно го зборува македонскиот јазик. За сите оние кои што само треба да дигнат рака, ова се разбира не важи. Тие можат да продолжат да дискутираат од место.

Почитувани колеги, ова е пресериозен орган за да може ние вака да се однесуваме. Сите оние кои имаа можност да го видат Законот за пошти, нека проверат дека ниту еден член на оваа Комисија во текот на времетраењето на својот мандат, ниту претседателот, ниту членовите на Комисијата не можат да бидат ниту пратеници, ниту членови на Владата, меѓутоа, ниту да бидат во органите и телата на политичките партии. Што да кажаме за кандидатот кој што е професионално обучен за изградба на мини хидроцентрали, меѓутоа, само на реката во Боговиње. Ако вие може да гласате за овие кандидати, секоја чест. Меѓутоа, почитувани колеги, ако сакате и на тој начин да разговараме сте задоцниле денес да водиме расправа. Имено, во членот 94 Законот вели дека Собранието на Република Македонија ќе ги именува претседателот и членовите на Комисијата најдоцна во рок од 30 дена од денот на влегување во сила на овој закон. Овој закон влезе во сила на 19 јануари, што значи и овде е задоцнета работата. Се надевам дека на госпоѓата Силви Битару која што беше надлежна од Европската комисија за следење на носење на овој закон, ќе има што да кажат овие членови на Комисијата, меѓутоа, уште поинтересен ќе биде нејзиниот извештај. Значи, носиме нешто што сме требале веќе да го донесеме, не важи тоа, а не важи ни тоа дека ова не е независно тело, туку е зависно, би рекол многу зависно. Ова е телото кое што треба да ги дава лиценците или дозволите за работа на светските компании кои што се присутни во Република Македонија, како што е ДХЛ, ТНТ, Федекс итн., кој што веќе работат во Република Македонија. Ова се уметниците кои што треба да вршат мониторинг на поштенските услуги во Република Македонија и ова се луѓето кои што треба да обезбедат конкуренција во Република Македонија на поштенскиот пазар. Меѓутоа, што да се каже, денес е петок, ние брзаме, треба да си одиме и на никого не му е важно всушност ни за што гласаме.

Почитувани колеги, почитувајте го ова што ви се вели. Ќе се доведеме во ситуација само за три месеци да ја следиме работата или да видиме што ни се случува во Македонски пошти. Со бордот на директори до вчера продаваше мастики, па ги повлече, па продолжи со чоколади, па и нив ги повлече, сега продава батерии и само за 2007 година имаме загуба од 2 милиони евра. Овие луѓе треба да направат либерализација на пазарот на поштенските услуги во Република Македонија. И, ако овие луѓе заслужуваат само заради тоа што го познаваат македонскиот јазик, заради тоа што се ликовни уметници или експерти за мини централи, има каде да ги поставиме. Но, цехот не го плаќаме ние, го плаќа народот, граѓаните на Република Македонија и со ваков квалитетен борд на директори, како што е во Македонски пошти, два милиони евра и не се многу, замислете да имавме подобар или полош, колкав ќе беше тоа. Меѓутоа, можам да апелирам, само велам до членовите барем на Комисијата дека се работи навистина за едно пресериозно тело ваква да се однесуваме при неговото назначување.

Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам многу господине Ќуркчиев.

Збор има господинот Јани Макрадули, повелете.

**Јани Макрадули:** Почитуван потпретседателе,

Да дадам јас еден краток коментар, иако мислев дека и претседателот на Собранието ќе биде тука, уште еднаш да го повторам она што пред малку го кажав. Ние можеме да одиме на 100 вилтон конференции, можеме да организираме многу подготовки овде во Собранието во пресрет на делегацијата што ќе дојде од Вилтон парк и претседателството на Собранието да не убедува да бидеме добри, конструктивни, да покажеме една слика за тоа како работи нашето Собрание, но доволно е да ја погледне оваа недела и денес кои одлуки ќе ги донесе ова Собрание, за да сфати дека во Република Македонија не одат работите добро во Собранието на Република Македонија.

Јас уште еднаш и до јавноста и до претседателот на Собранието ќе изразам сериозен протест, затоа што во официјална собраниска делегација, посета на една држава нема ниеден претставник од опозицијата. Мислам дека пораката што ја праќаме е катастрофална. Пораката што ќе ја чујат луѓето од Вилтон парк што ќе дојдат идната недела на разговори ќе биде поразителна. На истиот тој начин како што е составена делегацијата е составена и оваа Комисија на Агенцијата за пошти. Зборувавме од првиот ден овде во Собранието. Во Владата постојат само министри од партиите кои победиле на избори.

Сите се претставиници, сите се назначуваат од луѓето од Владата што мислат дека ќе бидат најдобри на тие позиции, без разлика за некои од нив можеме да дискутираме. Но во Собранието каде што разликата меѓу ВМРО-ДПМНЕ и СДСМ е да речеме 36:21 не се донесува одлуката 100:0. ВМРО-ДПМНЕ има 310 илјади гласови, СДСМ има 217 илјади гласови. Во Собранието одлуките не се носат со 100:0, Собранието е еден друг капацитет што треба да го понуди во работата во градењето на демократското општество. Ако ние треба да правиме кворум, ако треба да се потпишеме на анкетните комисии што ги бара Советот на Европа и да гласаме за нив, има некои непишани правила кои постоеле во ова Собрание многу години station наназад. Минимална консултација да направиме за една исклучително сериозна институција како што ќе биде оваа Агенција за пошти. Еден заеднички именител имаат овие луѓе што се овде: ниеден нема апсолутно никаква врска со она што треба да го работи, апсолутно никаква врска.

Јас сум убеден дека и во ВМРО-ДПМНЕ и во НСДП, тие што останале, и во ДПА има сигурно луѓе што имаат професионален бекграунд од оваа област. Неверојатно ми е дека не може да се најдат пет луѓе што ќе учествуваат во една агенција која што по дефиниција треба да биде независно регулаторно тело за кои што ние како Собранието сме потпишале, сме гласале декларација. Точка 34 мислам дека е тоа, нашата Декларација што ова Собрание едногласно ја донело на нашиот пат кон Европската унија и НАТО, а тоа е, ги промовираме независните регулаторни тела. Бидејќи оваа одлука е задоцнета, сите одлуки што ќе ги донесе оваа Агенција ќе ги оспориме, бидејќи е донесена после законскиот рок од 30 дена. Тоа ќе биде нашиот механизам да се бориме против задоцнетиот дел како структура, како форма дека се задоцнети. Но стручноста што треба да ја понуди таа агенција се плашам дека ќе дојде до реална имплементација на она што треба, а тоа е либерализација на уште една услуга што ни треба во нашето општество како барање од Европската унија, а тоа е либерализација на делот на поштенскиот сообраќај. Премногу тежина ќе има оваа комисија, мислам дека и оваа агенција, мислам дека отпосле ќе сватат дека ваква импровизација апсолутно не ни е потребна, ќе се оценува нејзината работа, еден е од бечмарците независните регулаторни тела, зборувам како мислиме како држава да се претставуваме во некој напредок кон Европската унија кога импровизираме, импровизираме со имиња кои што реков, апсолутно немаат никаква врска со она што треба да го прават.

Сите што ги прочитаа биографиите добро се забавувавме, читајќи ги биографиите на луѓето. Од тоа дека карактеристика е да биде лојален, внимателен до јазик перфектно македонски. Не сакам да зборувам за тоа што тука ликовниот уметник веројатно ни крив ни должен упаднал во вакво нешто или бивш портпарол на Министерството за внатрешни работи кога Доста Димовска беше министер за внатрешни работи. Или претседателот на Комисијата кој што ако ја погледнете неговата биографија е во позиција каде што ВМРО-ДПМНЕ е во раководно место, дали е тоа во водовод кога бил Миле директор, па

кога станал министер се повлекол во МЕПСО, па потоа што бил многу добар отишол во Ремонт на пруги и ниско градба. Ова е најблиску до пошта. Пругата пренесува нешто, писма става во вагон и овој најмногу ги задоволува критериумите. Мислам дека предлагачот има шанса да го повлече овој предлог, да се направи обид да се изберат стручни луѓе кои што треба да направат еден сериозен процес на либерализација на поштенските услуги во нашата држава и да ги дефинираат правилата на игра во еден и те како доходовен бизнис во земји каде што агенцијата навистина функционира како независно регулаторно тело со јасни правила на игра. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Макрадули.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот.

Пред да ја ставам Предлог одлуката на гласање би ги повикал сите пратеници кои се надвор од салата да влезат во салата.

Бидејќи во салата има доволен број на пратеници, Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве повикувам на гласање.

Во присуство на 61 пратеник, гласале 57, од нив 52 гласале за, воздржано нема, 5 беа против.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за именување на претседател и членови на Агенцијата за пошти.

**Минуваме на точката 5 - Предлог за донесување на закон за ратификација на Договорот меѓу Советот на министри на Босна и Херцеговина и Владите на другите држави - учесници во Процесот за соработка за југоисточна Европа и Привремената административна Мисија на ООН за Косово, во име на Косово, согласно Резолуцијата бр. 1244 на Советот за безбедност на ООН за аранжманите со државата - домаќин во врска со Секретаријатот на Советот за регионална соработка, со Предлог на закон.**

Предлогот за донесување на законот со Предлогот на закон и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор?

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклужувам претресот и на Собранието му предлага да го усвои следниов заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за ратификација на Договорот меѓу Советот на министри на Босна и Херцеговина и Владите на другите држави - учесници во Процесот за соработка за југоисточна Европа и Привремената административна Мисија на ООН за Косово, во име на Косово, согласно Резолуцијата бр. 1244 на Советот за безбедност на ООН за аранжманите со државата - домаќин во врска со Секретаријатот на Советот за регионална соработка.

Ве повикувам да гласаме.

Гласаа 54 пратеника, сите 54 пратеника гласаа за.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 58 пратеника, од нив 57 гласаа за, воздржани нема, против 1.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор?

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот по текстот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 57 пратеници, од нив 56 гласале за, воздржани нема, против 1.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за ратификација на Договорот меѓу Советот на министри на Босна и Херцеговина и Владите на другите држави - учесници во Процесот за соработка за југоисточна Европа и Привремената административна Мисија на ООН за Косово, во име на Косово, согласно Резолуцијата бр. 1244 на Советот за безбедност на ООН за аранжманите со државата - домаќин во врска со Секретаријатот на Советот за регионална соработка.

Почитувани дами и господа пратеници, тука ја прекинувам седницата согласно договореното.

За продолжението во понеделник ќе бидете дополнително известени преку СМС пораки.

Благодарам.

(Седницата прекина во 17,12 часот)